Врз основа на член 36, став1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.61/2004 и 96/2004) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 06.11.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на Буџетот на ЕЛС Крива Паланка за 2009 година**

1 Општ дел

Член 1

Во Буџетот на Единицата на локална самоуправа Крива Паланка за 2009 година се вршат следните измени:

| | Буџет 2009 год. | Ребаланс 2009 год. |
|---|---|---|
| Вкупни приходи и тоа: | 246.175.503 | 234.365.093 |
| -основен буџет | 96.120.000 | 78.789.996 |
| -наменски и блок дотации | 127.877.198 | 132.985.293 |
| -самофинансирање | 3.870.000 | 6.016.820 |
| -донации | 18.308.305 | 16.572.984 |
| Вкупни расходи и тоа: | 246.175.503 | 234.365.093 |
| -утврдени намени | 245.875.503 | 234.135.093 |
| -резерви | 300.000 | 230.000 |

Во член 2 приходите и расходите по основни намени утврдени во постојниот Биланс на приходи и расходи за 2009 година се заменуваат:

**Член 2**

**Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Крива Паланка“.**

**Бр.07- 3807/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.11.2009год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на ЕЛС - Крива Паланка за 2009 година

1. Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на ЕЛС Крива Паланка за 2009 година, што Советот ја донесе на 7-та седница, одржана на 06.11.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3807/4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.11.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04......96/04) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 06.11.2009 година, донесе

# О Д Л У К А
## За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К 1 и К 2 за III квартал во 2009 година

1.Се усвојува Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К 1 и К 2 за III квартал во 2009 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 07 – 3807/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.11.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К 1 и К 2 за III квартал во 2009 година

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 и К 2 за III квартал во 2009 година, што Советот ја донесе на 7-та седница, одржана на 06.11.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 3807/6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.11.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36 ст.1 т. 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Р. Македонија“ бр.5/2002) и член 14 ст.1 т.40 од Статутот на Општина Крива Планка (“Службен гласник на Општина Крива Планка“ бр.7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата ,одржана на 06.11.2009 година , донесе

## О Д Л У К А
## За давање согласност на Одлуката за покренување на иницијатива за промена на името на Општинска јавна установа за деца – Детска градинка “Иво Рибар Лола “ Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Одлуката за покренување на иницијатива за промена на името на Општинска јавна установа за деца – Детска градинка “Иво Рибар Лола “ Крива Паланка бр. 02-366 од 03.11.2009 година, донесена од Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца – Детска градинка “Иво Рибар Лола “ Крива Паланка.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-3770/2**
**06.11.2009 г.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за покренување на иницијатива за промена на името на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Иво Рибар Лола“ – Крива Паланка

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за покренување на иницијатива за промена на името на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Иво Рибар Лола“ – Крива Паланка, што Советот ја донесе на 7-та седница, одржана на 06.11.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3770/3**
**09.11.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36 ст.1 т. 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Р. Македонија“ бр.5/2002) и член 14 ст.1 т.41 од Статутот на Општина Крива Планка (“Службен гласник на Општина Крива Планка“ бр.7/06) Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.11.2009 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За давање на согласност за набавка на патничко моторно возило за потребите на ОЈУДГ “Иво Рибар Лола “ Крива Паланка

Член 1

Со ваа Одлука Советот на општина Крива Паланка дава согласност на Одлуката за набавка на патничко моторно возило бр. 02-365 од 03.11.2009 година донесена од Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца – Детска градинка “Иво Рибар Лола “ Крива Паланка.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-3807/7**
**06.11.2009 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за набавка на патничко моторно возило за потребите на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Иво Рибар Лола“ – Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за набавка на патничко моторно возило за потребите на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Иво Рибар Лола“ – Крива Паланка, што Советот ја донесе на 7-та седница, одржана на 06.11.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3807/8**
**09.11.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за локална Самоуправа (“Службен Весник на Р. Македонија“ бр.05/2002), член 14 ст.1 т.41 од Статутот на Општина Крива Планка (“Службен Гласник на Општина Крива Планка“ бр.7/06), а согласно на чл.104-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (“Службен Весник на Р. Македонија“бр.83/09), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.11.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на членови во Одборот за вршење внатрешна контрола на работењето на ОЈУДГ “Иво Рибар Лола “ Крива Паланка**

Член 1

За членови во Одборот за вршење внатрешна контрола на работењето на ОЈУДГ “Иво Рибар Лола “ Крива Паланка се именуваат:

- Александра Јовановиќ – Крива Паланка;
- Елена Ристовска – Крива Паланка; и
- Сузана Стојчевска – Крива Паланка.

Член 2

Оваа Решение влегува на сила 08-от ден од денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Крива Паланка“ .

**Бр.07-3771/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.11.2009 год** **Претседател,**
**Крива Планка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решение за именување членови во Одборот за вршење на внатрешна контрола на работењето на ОЈУДГ „Иво Рибар Лола“ - Крива Паланка**

1. Се прогласува Решението за именување членови во Одбор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ОЈУДГ „Иво Рибар Лола“- Крива Паланка, што Советот го донесе на 7-та седница, одржана на 06.11.2009 година.

2. Решението да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3771/3** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.11.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36 ст.1 т. 5 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р. Македонија бр.5/2002) и член 14 ст.1 т.26 од Статутот на Општина Крива Планка (Службен Гласник на Општина Крива Планка бр.7/06), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на ден 06.11.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За дополнување на Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈП“КОМУНАЛЕЦ“ Крива Паланка**

Член 1

Со оваа Решение се врши дополна на Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈП “КОМУНАЛЕЦ“ Крива Паланка бр.07-1574/52 од 14.05.2009 година (“Службен гласник на општина Крива Паланка “бр.05/2009).

Член 2

Во член 1 од Решението за именување на членови на Управниот Одбор на ЈП “КОМУНАЛЕЦ“ Крива Паланка бр.07-1574/52 од 14.05.2009 година, после членот Ненад Стојчевски од Крива Паланка се именуваат и следните членови:

- Славчо Миновски од Крива Паланка
- Славчо Спасовски од Крива Паланка
- Зоран Илиевски од Крива Паланка

Член 3

Оваа Решение влегува во сила 08-от ден од денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07-3807/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.11.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Планка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Решение за дополнување на Решението за именување на членови воУправниот одбор на ЈП „Комуналец" Крива Паланка

1. Се прогласува Решението за дополнување на Решението за именување членови во Управниот одбор на ЈП „Комуналец" - Крива Паланка, што Советот го донесе на 7-та седница, одржана на 06.11.2009 година.

2. Решението да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 3807/10**
**09.11.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


1. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на ЕЛС Крива Паланка за 2009 година ................................ 146
2. Заклучок за прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на ЕЛС-Крива Паланка за 2009 година ...................................................................... 147
3. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К 1 и К 2 III квартал во 2009 година ................................................ 148
4. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општината Крива Паланка К 1 и К 2 за III квартал во 2009 г. 148
5. Одлука за давање согласност на Одлуката за покренување на иницијатива за промена на името на ОЈУДГ „Иво Рибар Лола" – Крива Паланка ............................................ 149
6. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање согласност на Одлуата за покренување на иницијатива за промена на името на ОЈУДГ „Иво Рибар Лола"-Кр.Паланка 149

7. Одлука за давање согласност за набавка на птаничко моторно возило за потребите на ОЈУДГ „Иво Рибар Лола"-Крива Паланка ........................................................................ 150
8. Заклучок за проглалсување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за набавка на патничо моторно возило за потребите на ОЈУДГ „Иво Рибар Лола" – Крива Паланка ..................................................................... 151
9. Решение за именување на членови во Одборот за внатрешна контрола на работењето на ОЈУДГ „Иво Рибар Лола" – Крива Паланка ...................................................... 151
10. Заклучок за прогласување на Решение за именување членови во Одборот за вршење на внатрешна контрола на работењето на ОЈУДГ „Иво Рибар Лола"-Кр.Паланка 152
11. Решение за дополнување на Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комуналец" – Крива Паланка ..................................................................... 153
12. Заклучок за проглалсување на Ррешение за дополнување на Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комуналец" – Крива Паланка ...................... 154


---